# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 1/2020
## 27.01.2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за поништување на Одлука бр. 07-875/16 од 16.10.2009 година и поништување на Одлука бр. 08-245/6 од 20.05.2019 година на Совет на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за поништување на Одлука бр. 07-875/16 од 16.10.2009 година и поништување на Одлука бр. 08-245/6 од 20.05.2019 година на Совет на општина Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/1
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.гласник на општина Неготино“ бр. 3/06,) Советот на општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За поништување на Одлука бр. 07-875/16 од 16.10.2009 година и поништување на Одлука бр. 08-245/6 од 20.05.2019 година на Совет на општина Неготино**

**Член 1**

Со поништува Одлука за давање на согласност за формирање на депонија за индустриски инертен отпад и неопасен отпад на територијата на општина Неготино бр. 07-875/16 од 16.10.2009 година, на Совет на општина Неготино.

**Член 2**

Се поништува Одлука за донесување на УПВНМ за изградба на депонија за индустриски инертен и неопасен отпад на КП 23/2,24,25/3, 25/4, 54/2, 55/2, 56, 57/2, 2173/2 и 2173/4, КО Пепелиште, м.в. Шобово бр. 08-245/6 од 20.05.2019 година на Совет на општина Неготино.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-60/3
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2020 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2020 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/2
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за прсторно и урбанистичко планирање (,,Сл. весник на РМ,, бр. 199/14, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата на одржана на ден 24.01.2020 донесе

**ПРОГРАМА**

**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2020 година**

Член 1

Во Програмата за **изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2020 год** се менува следното:

Во глава 2- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ,**

- во табелата **2.2.2 Планови во постапка, делот УЗ 5 за УРБАН БЛОК се менува и гласи:**

| | **ЛОКАЦИЈА** | **Начин на плаќање** |
|---|---|---|
| **УЗ 5** | **УРБАН БЛОК 5.1**<br>-Помеѓу улиците Владо Арсов Шпанац, 8 Ноември, Ида Бенчиќ и Браќа Миладиновци | Општина Неготино |
| | -Помеѓу улиците Владо Арсов Шпанац, Киро Крстев, Тимјаничка и 8 Ноември | |
| | -Измена на ДУП за една градежна парцела за изградба на објект за домување во станбени куќи за ГП бр. 107 (КП 11265/8), УЗ 5, УБ 5.1, КО Неготино, општина Неготино | Самофинансирање |

**- Точка 2.4 се менува и гласи:**

**2.4 Локална урбанистичка планска документација**

| **Р.Б.** | **ЛОКАЦИЈА** | |
|---|---|---|
| 1 | Неготино | ЛУПД со намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) за КП 1590/1, 1590/2, дел од 1591 и дел од 1589 КО Неготино |
| 2 | | ЛУПД со намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) за КП 11663 КО Неготино |
| | | ЛУПД за плански опфат на м.в. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Дубровско, општина Неготино, за определување на повеќе градежни парцели за градби со намена А1 (домување во станбени куќи) |
| | | ЛУПД за КП 2909/1, 2931/2 и КП 2931/1 КО Неготино, општина Неготино со намена Г2 –лесна и незагадувачка индустрија |
| | Криволак | ЛУПД за изградба на викенд куќа на КП 558 |
| 3 | Пепелиште | ЛУПД со намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) на КП 1330, 1332/1, 1240/1 |
| | | ЛУПД за КП 1382 и КП 1383, КО Пепелиште, општина Неготино со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија |

**-Точка 2.5 се менува и гласи:**

## 2.5 Урбанистички планови вон населено место

| Р.Б. | | ЛОКАЦИЈА | Начин на плаќање |
|---|---|---|---|
| 1 | Неготино | УПВНМ за стопански комплекс на КП 3927/4,3927/3, 3927/2 и 3927/1 КО Неготино | самофинансирање |
| 2 | Дуброво-Тремник | измена и дополна на Урбанистички план вон населено место КО Дуброво, КО Тремник, општина Неготино | самофинансирање |

Член 2

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-60/4
24.01.2020 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Одлука за донесување на ДУП за УЗ 7, дел од УБ 7.2 КО Неготино општина Неготино

Се објавува **Одлука за донесување на ДУП за УЗ 7, дел од УБ 7.2 КО Неготино општина Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/3
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ број, 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП ЗА УЗ 7, ДЕЛ ОД УБ 7. 2 КО НЕГОТИНО, ОПШТИНА НЕГОТИНО

Член 1

Се донесува ДУП за УЗ 7, дел од УБ 7.2, КО Неготино, Општина Неготино, според урбанистичка документација изработена од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР Благоја ДООЕЛ увоз-извоз Струга д.е Скопје со технички број 03-48/15, од ноември 2019 година.

Член 2

***Детален урбанистички план од член 1 на оваа Одлука содржи:***
***-текстуално образложение;***
***-графички прилози според законските одредби;***
***-одредби за реализација на урбанистичка документација;***
***-стручна ревизија на урбанистичката документација;***
***-Согласност број 24-9976/2 од 30.12.2019 година од Министерство за транспорт и врски.***

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-60/5
24.01.2020 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2020 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/4
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15, 142/16, 11/18) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2020 година**

Член 1

Се врши изменување и дополнување на Одлуката бр 08-685/16 од 30.12.2019 година.

Член 2

Во член 1 од Одлуката износот 81,10 се заменува со износот 81,6 денари.

. Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Неготино“, а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2020 година.

бр.08-60/6
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници даватели на услуги и директорот на ЈОУДГ Фемо Кулаков за 2020 година**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници даватели на услуги и директорот на ЈОУДГ Фемо Кулаков за 2020 година** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020година.

Бр.09-82/5
27.01 .2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административните службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15, 5/16,142/16,11/18 ) чл.11 од Законот за вработените во јавниот сектор ( Сл.весник наРМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, и 39/18) чл. 166-з од Законот за заштита на децата ( Сл.в. на РМ 23/13...198/18 и Сл.в. на РСМ 104/19, 146/19) и чл. 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на јавните службеници даватели на услуги и директорот на ЈОУДГ Фемо Кулаков Неготино за 2020 година**

Член 1

Се врши изменување и дополнување на Одлуката бр 08-685/17 од 30.12.2019 година .

Член 2

Во член 1 на Одлуката износот 81,10 се заменува со износот 81,6 денари .

Член 3

Во член 2 на Одлуката износот 81,10 се заменува со износот 81,6 денари.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Неготино“, а се применува од 01.01.2020 година.

бр.08-60/7
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на OOдлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општински јавни патишта**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на OOдлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општински јавни патишта** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/6
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.гласник на РМ“ бр. 3/),и чл. 55 од Законот за јавните патишта ( Сл.весник на РМ бр. 84/08.....44/15) Советот на општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта**

Член 1

Во Одлуката бр.08-170/25 од 29.04.2015 година за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта

Во чл. 2 во ст. 1 по алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи :

- **За закуп на простор за реклама на информативно пано – инфо тач сопственост на општина Неготино цена од 3.000,оо денари месечно, со обврска закупецот да го изнајмува просторот најмалки 6 а најмногу 12 месеци годишно.**
  **Временскиот период за рекламирање е 10 минути етапно во рок на 24 часа.**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-60/8
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К
**За објавување на Одлука за предавање во сопственост на подвижни ствари**

Се објавува **Одлука за предавање во сопственост на подвижни ствари** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/7
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на чл. 36 ст. 1 т. 10 од Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр. 05/2002) и чл. 79 ст. 1 т. 34 од Статутот на општина Неготино( Службен гласник на општина Неготино бр. 03/2006) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За предавање во сопственост на подвижни ствари

**Чл. 1**

Општина Неготино на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков ,, Неготино во сопственост , без надомест му ги предава следниве подвижни ствари :

- Мијалник ½ , со димензии 120/60/85 см, садопер изработен од материјал инокс 18/10 – **3 броја**
- Фрижидер , со димензии 60/60/80 см, шпорет ¼ и рерна – **3 броја**
- Клима уред со јачина од 3,5 kw или 1200 btu – **3 броја**
- Работна маса , со димензии 120/60/85 см, работна маса со средна полица, материјал инокс 18/10 – **3 броја**
- Работна маса , со димензии 60/60/85, работна маса со средна полица материјал инокс 18/10 **– 3 броја**
- Висечки шкафови , со димензии 120/30/72, горен елемент затворен со шибер врати, материјал инокс 18/10- **3 броја**
- Висечки шкафови, со димензии 60/30/72, горен елемент, отворен, материјал инокс- **3 броја**
- Болјер 60-80 л, болјер за топла вода – **3 броја**
- Прибор за храна , изработен од инокс ( шоља за млеко 300 мл, чинија длабока мин ф. 21 см, лажици за јадење средна големина инокс) - 20 парчиња во комплет – **3 броја**
- Прибор за дистрибуција на храна 5 л, канистер цилиндричен инокс – **3 броја**
- Прибор за дистрибуција на храна 10 л, канистар цилиндричен инокс – **3 броја**

**Чл. 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-60/9
24.01.2020 година

Совет на општина Неготино
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/8
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 09/11, 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , дел од КП бр. 831, КП бр. 832, КП бр.. 2220/1 КО Пепелиште – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена А1- домување во станбени куќи, (според геодетски елаборат бр. 0803/208 од 26.09.2016 година).

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , дел од КП бр. 174 КО Калањево – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување

на бесправно изграден објект означен со број на зграда 2 со намена А4- викенд куќа, (според геодетски елаборат бр. 0801-254/3 од 22.11.2016 година).

Член 4

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3290,** КО Тимјаник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти означени со број на зграда 1, намена А5 – помошни простории (според геодетски елаборат бр. 0801/298/3 од 18.12.2018).

Член 5

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **2425/2** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти означени со број на зграда 1, намена А5 – помошни простории зграда 1 намена Ф5-вага (според геодетски елаборат бр. 0803/123 од 25.12.2017).

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-60/10
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за именување на членови на Локален Совет за превенција**

Се објавува **Одлука за именување на членови на Локален Совет за превенција,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/9
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/2002) и член 96 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11 и 9/11 и 16/12), Градоначалникот на општина Неготино предлага Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година, да ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за именување на членови во Локален Совет за превенција на Општина Неготино**

**Член 1**

Согласно Одлука за формирање на Локален совет за превенција на Општина Неготино бр. 08-556/7 од 30.10.2019 година („Сл. Гласник на Општина Неготино“ бр.12/2019), за членови на Советот се именуваат:

1. Диме Витанов - Претседател на Совет на Општина Неготино;
2. Трајче Цветков - Комадир на ПС од општа надлежност Неготино;
3. Ивица Јовановиќ - Началник на надворешна канцеларија за криминалистички работи Неготино;
4. Борче Коцев - Совет на Општина Неготино;
5. Петре Манчев - Совет на Општина Неготино;
6. Ило Илијев - Комадир на ТППЕ Неготино;
7. Д-р Биљана Филипова - ЈЗУ Општа Болница Неготино;
8. Александар Гавранов - СОУ „Св.Кирил и Методиј“;
9. Васил Ангелов - ООУ „Гоце Делчев“;
10. Горан Алтанџиев - претсваник од ЈОУДГ „Фемо Кулаков“;
11. Филип Петровски - ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа Неготино;
12. Дени Трајков - вработен во општинска администрација Неготино;

Член 2

Решението влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Неготино,,

бр.08-60/11
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Одлука за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта

Се објавува **Одлука за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/10
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 3, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на Р.М“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/18), член 5 став 1 од Законот за комунални дејсности („Сл. Весник на Р.М“ бр. 95/12, 1643/13, 42/14, 44/15 и 31/16), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М“ бр.5/2002) и член 79 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Неготино („Службен Гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година, донесе:

## О Д Л У К А

### за основање на Јавно претпријатие за Јавни паркиралишта

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатије за одржување и користење на јавниот простор за паркирање и давање соодветни услуги, се утврдува дејноста на Јавното претпријатије, основните услови и начинот на вршење на дејноста за која се основа, начинот на финансирање и други прашања од значење на јавното претпријатије.

**Член 2**

Називот на Јавното претпријатие гласи:

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ,,Паркинзи Неготино“ - Неготино

Скратениот назив на јавното претпријатије гласи:

ЈП ,,ПН “ Неготино.

Член 3

Седиштето на јавното претпријатије е во Неготино на ул. ,, Маршал Тито“ бб (СРЦ Младост).

**Член 4**

Основач на Јавното претпријатие е Општина Неготино со седиште во Неготино на ул. ,, Ацо Аџи Илов“ бр.2.

**Член 5**

Јавното претпријатие ќе ги врши комуналните дејности од јавен интерес од локално значење за градот утврдени со закон и тоа:

- Изградба, одржување и стопанисување на јавниот простор за паркирање;
- Отстранување на непрописно паркирани возила;
- Отстранување на хаварисани возила од јавните површини;

Класа 52.21 од Националната класификација на дејности –

- Услужни дејности поврзани со копнен превоз

Класа 42.99 од Националната класификација на дејности –

- Изградба на други објекти од ниска градба, неспомнати на друго место

Класа 52.2 од Националната класификација на дејности –

- Придружни дејности во превозот.

**Член 6**

Јавното претпријатие има својство на правно лице и за превземаните обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.

Јавното претпријатие со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар.

**Член 7**

Јавното претпријатие не може да врши промена на дејноста од член 5 на оваа Одлука, промена на статутот, називот и седиштето, без претходна согласност од основачот.

**Член 8**

Почетните средства за работа на претпријатието, во износ од 1.000.000 денари, се обезбедуваат од Буџетот на Општина Неготино.

Основачот ќе изврши дополнителни вложувања во Јавното претпријатије, доколку има потреба за тоа.

Понатаму во текот на своето работење средствата за вршење на дејноста, Јавното претпријатие ќе ги обезбедува преку давање на услугите од дејноста за кое е основано, како и од средствата на основачот и други средства согласно закон.

**Член 9**

Јавното претпријатие е во целосна сопственост на Општина Неготино.

**Член 10**

Јавното претпијатие има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за јавни претпријатија.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка.

За сторените обврски во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сиот свој имот.

**Член 11**

Претпријатието е должно да се придржува кон програмата со која се планира развојот и финансирање на дејноста.

**Член 12**

Управување со претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работење на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

Претпријатието своето материјално-финансиско работење ќе го води според финансиските и сметководствените правила и стандарди на трговските друштва и според меѓународните сметководствени стандарди.

Годишната сметка и финансискиот извештај на претпријатието подлежат на ревизија од страна на независна ревизорска куќа.

**Член 13**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) и Директорот.

**Член 14**

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Неготино.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

**Член 15**

Надзорниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Неготино.

Мандатот на членовите на Надзорен одбор трае 4 години.

**Член 16**

Со работата на претпријатието раководи Директор што го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Неготино, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го претставува и застапува претпријатието.

**Член 17**

Со Статутот на претпријатието поблиску ќе се уреди организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување и извршување како и други прашања од значење на Јавното претпријатие.

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Јавното претпријатие ќе се утврдат со Статутот, во согласност со законот.

**Член 18**

Градоначалникот ќе овласти лице да ги води работите на претпријатието се до неговото конституирање и поднесе пријава за регистрација на претпријатието пред надлежениот регистарски орган.

**Член 19**

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа. Претпријатието може да основа и подружница согласно потребите и дејноста.

Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на претпријатието.

**Член 20**

Статутот на претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на Јавното претпријатие ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во Централен Регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Статутот.

**Член 21**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Неготино“.

бр.08-60/12
24.01.2020 година

.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**Претседател:**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Училишен одбор на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј,, Неготино**

Се објавува **Решение за разрешување и именување на член на Училишен одбор на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј,, Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/11
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 88 ст.5 и ст.6 од Законот за средно образование („Сл.весник на РМ„ бр.44/95....64/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член на Училишниот одбор на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј,, Неготино**

1. Од член на Училишниот одбор на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј,, Неготино се разрешува:

   _ **Аница Каранфиловска**

2. За член на Училишниот одбор се именува

**- Никица Ташева**

3. Мандатот на членот на Училишниот одбор е 4 години.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

   бр.08-60/13

   24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Надзорниот одбор на ЈКП Комуналец Неготино**

Се објавува **Решение за разрешување и именување на член на Надзорниот одбор на ЈКП Комуналец Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/12
30.12.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....39/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување на член на Надзорниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино**

1. Од член на Надзорниот одбор на ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино Неготино се разрешува:

_ **Аница Каранфиловска**

1. За член на Надзорниот одбор на ЈКП Комуналец се именува

- **Софија Кадиева**

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-60/14
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за финансово работење на ЈКП Комуналец Неготино за периодот 01.01.2019-30.09.2019 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештајот за финансово работење на ЈКП Комуналец Неготино за периодот 01.01.2019-30.09.2019 година** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/13
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на Р.М„ бр.5/02), и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за финансовото работење на ЈП Комуналец Неготино за периодот 01.01.2019 – 30.09.2019 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-60/15
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работа за 2019 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур„ Неготино**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештајот за работа за 2019 година на Локална библиотека „Страшо Пинџур„ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/14
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за работа за 2019 година на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур,, Неготино.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Неготино,,.

бр.08-60/16
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Локална библиотека „ Страшо Пинзур„ Неготино за 2020 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Локална библиотека „ Страшо Пинзур„ Неготино за 2020 година** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/15
30.12.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа на Локална библиотека ,, Страшо Пинџур,, Неготино за 2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ,, Службен гласник на општина Неготино,,.

бр.08-60/17
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинска установа „Музеј на град Неготино „ за 2020 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинска установа „Музеј на град Неготино „ за 2020 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/16
30.12.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа на Општинска установа „ Музеј на град Неготино „ Неготино за 2020 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-60/18
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Мислење по однос на Статутот на ООМУ „Владимир Арсовски„ Неготино

Се објавува **Мислење по однос на Статутот на ООМУ „Владимир Арсовски„ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/17
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) и член 26 ст. 4 од Законот за основно образование ( Сл.весник на РСМ бр. 161/19) , Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 24.01.2020 година го усвои следното

**М И С Л Е Њ Е**

1.Советот на општина Неготино дава позитивно мислење по однос на Статутот на општинското основно музичко училиште ,, Владимир Арсовски ,, Неготино .

2. Ова мислење влегува во сила со денот на објавувањето во „ С лужбен гласник на општина Неготино„.

бр.08-60/19
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/18
27.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. Бојчовски Живко од Неготино , износ од 3.000,оо денари
2. Виктор Тодорчев од Неготино износ од 5.000,оо денари
3. Дарко Видони од Неготино износ од 20.000,оо денари
4. Николова Јасмина од Неготино износ 6.000,оо денари
5. Станков Трајче од Неготино , износ од 4.000,оо денари
6. Трајкова Марика од Неготино износ од 3.000,оо денари
7. Светлана Јанева од с.Војшанци износ од 3.000,оо денари
8. Рајна Петрова од Неготино износ од 3.000,оо денари
9. Марика Делова од Неготино износ од 4.000,оо денари
10. Ѓорѓиев Димитар од Неготино износ од 4.000,оо денари
11. Ленче Стојанова од Неготино износ од 4.000,оо денари
12. Зорица Андонова од с.Криволак износ од 4.000,оо денари
13. Силвана Дафчева од Неготино износ од 6.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на општина Неготино.

бр.08-60/20
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за доделување на финансиски средства**

Се објавува **Решение за доделување на финансиски средства,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 24.01.2020 година.

Бр.09-82/19
27.01.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа

(“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 24.01.2020 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### За доделување на финансиски средства

### Член 1

Се доделуваат финансиски средства во висина од

- 20.000,оо денари на КУД Јане СДандански Неготино
- 30.000, оо денари на Фудбалски клуб ,, Полет,, с.Тремник , Неготино за реализација на проект доизградба на соблекувална.
- 10.000,оо денари на Општински Противпожарен Сојуз – Неготино за реализација на програмските активности
- 18.000,оо денари на Милица Пауновска од Неготино
- 15.000,оо денари на Ѓоко Ѓорчев од Неготино
- Здружение на граѓани ,,ПРОЕКТ СРЕЌА,, Скопје износ од 30.000,оо денари
- Здружение на граѓани ,, СПО-КУЛ,, Неготино износ од 30.000,оо денари

### Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на оп штина Неготино.

бр.08-60/21
24.01.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

# СОДРЖИНА
## Службен гласник бр. 1/2020

1. Заклучок за објавување на Одлука за Поништување на Одлука бр. 07-875/16 од 16.10.2009 година и поништување на Одлука бр. 08-245/6 од 20.05.2019 година на Совет на општина Неготино
2. Одлука за Поништување на Одлука бр. 07-875/16 од 16.10.2009 година и поништување на Одлука бр. 08-245/6 од 20.05.2019 година на Совет на општина Неготино
3. Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Неготино за 2020 година
4. 4. Програма за изменување и дополнување на Програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Неготино за 2020 година

5.Заклучок за објавување на Одлука за донесување на ДУП за УЗ 7, дел од УБ 7.2 КО Неготино ,општина Неготино
6. Одлука за донесување на ДУП за УЗ 7, дел од УБ 7.2 КО Неготино ,општина Неготино
7.Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници за 2020 година
8. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на државните службеници за 2020 година

9. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на бодот за платите на јавните службеници , даватели на услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино

10 . Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на бодот за платите на јавните службеници , даватели на услуги и на директорот на ЈОУДГ ,,Фемо Кулаков,, Неготино

11. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општински јавни патишта

12. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општински јавни патишта

13. Заклучок за објавување на Одлука за предавање во сопственост на подвижни ствари

14. Одлука за предавање во сопственост на подвижни ствари

15. Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација

16. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација

17. Заклучок за објавување на Одлука за именување на членови на Локален Совет за превенција на општина Неготино

18. Одлука за именување на членови на Локален Совет за превенција на општина Неготино

19. Заклучок за објавување на Одлука за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
20. Одлука за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
21. Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј,, Неготино

22. Решение за разрешување и именување на член на Училишниот одбор на СОУ ,,Св. Кирил и Методиј,, Неготино
23. Заклучок за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Надзорниот одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Неготино
24. Решение за разрешување и именување на член на Надзорниот одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Неготино
25. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за финансово работење на ЈКП ,,Комуналец,, Неготино за периодот 01.01.2019-30.09.2019 година
26. Заклучок за усвојување на Извештајот за финансово работење на ЈКП ,,Комуналец,, Неготино за периодот 01.01.2019-30.09.2019 година
27. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работа за 2019 година на Локална библиотека ,,Страшо Пинзур,, Неготино
28. Заклучок за усвојување на Извештајот за работа за 2019 година на Локална библиотека ,,Страшо Пинзур,, Неготино

29. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Локална библиотека ,,Страшо Пинзур,, Неготино за 2020 година
30. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Локална библиотека ,,Страшо Пинзур,, Неготино за 2020 година
31. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинска установа ,,Музеј на град Неготино,, за 2020 година
32. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинска установа ,,Музеј на град Неготино,, за 2020 година

33. Заклучок за објавување на Мислење по однос на Статутот на ООМУ ,,Владимир Арсовски,, Неготино

34. Мислење по однос на Статутот на ООМУ ,,Владимир Арсовски,, Неготино
35. Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош
36. Решение за доделување на еднократна парична помош
37. Заклучок за објавување на Решение за доделување на финансиски средства
38. Решение за доделување на финансиски средства